Department of Education and Early Childhood Development

Почитуван родителу/старателу

**Финансиска помош за образованието на вашето дете**

Образованието е приоритет број еден на Викторискатa влада и ние веруваме дека секое дете ја заслужува секоја можност за успех на училиште.

Нашата Влада продолжува да инвестира во зголемувањето на бројот на учители, подобри училишни згради и правејќи го образованието подостапно преку иницијативи како што се *Бонус на почетокот на училиште* (*School Start Bonus)* и Додатокот за одржување на образованието (Education Maintenance Allowance), за да обезбедиме дека децата ги имаат најдобрите можни можности за образование.

Додатокот за одржување на образованието помага да се покријат трошоците за основните образовни нешта како што се учебници, училишен материјал, униформи и екскурзии на вашето дете.

Во 2010, годишниот износ на Додатокот за одржување на образованието изнесува $225 за ученици во основно училиште и $450 за средношколци, во семејствата кои имаат право на додатокот. Овој износ е рамномерно поделен меѓу родителите/старателите и училиштата, заради поддршка на образованието на вашето дете.

Вие може да го примите делот за родители/старатели на Додатокот за одржување на образованието со директна уплата на банковна сметка што вие ќе ја одредите, или со чек.

Ако вашето дете поаѓа во забавиште (Prep) или во седма година училиште, вие исто така од Владата на Викторија ќе го добиете *Бонусот на почетокот на училиште* во износ од $300, за да ви се помогне околу дополнителните трошоци во врска со започнувањето на основното или средното образование.

На вашето дете му пожелуваме успех во новата училишна година.

Искрено ваши

Џон Брамби
Премиер на Викторија

Бронвин Пајк
Министер за образование

## ДОДАТОК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

Додатокот за одржување на образованието (Education Maintenance Allowance - EMA) им помага на семејствата кои имаат право на додатокот, околу трошоците за образование на нивните деца.

Во 2010 година додатокот EMA за родители/старатели изнесува **$225 за ученици во основно училиште** и **$450 за средношколци.** Овој износ е рамномерно поделен меѓу родителите/старателите и училиштето, и се исплатува во две рати според распоредот наведен во следната табела.

| **Распоред на исплати во 2010 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Рата** | **Дел исплатен на** | **Рата за основно училиште*** | **Рата за средно училиште*** |
| Прва (70% од EMA) | Родителот | $ 78.7 | $ 157.5 |
| | Училиштето | $ 78.7 | $ 157.5 |
| | | | |
| Втора (30% од EMA) | Родителот | $ 33.7 | $ 67.5 |
| | Училиштето | $ 33.7 | $ 67.5 |
| **Вкупно во 2010** | | **$ 225.0** | **$ 450.0** |

* Степенот на годината на учениците (или годините на старост за учениците кои не се во конкретно одделение/клас и за учениците во специјални училишта) претставуваат основа за пресметување на износот за исплата. На учениците кои полнат 16 години во текот на годината ќе им биде платено на пропорционална основа (pro rata basis) до и вклучувајќи го месецот во кој полнат 16 години.

Првата рата ќе се состои од 70 проценти од EMA и ќе биде исплатувана од март 2010. Втората рата ќе бидат преостанатите 30 проценти и ќе биде исплатувана од август 2010. Со овој распоред на исплати се зема предвид дека семејствата имаат најголеми трошоци за образованието на почетокот на училишната година.

### Право на додатокот

За да имате право да добивате EMA вие мора:

- да сте родител или старател на ученик во основно или средно училиште до возраст од 16 години, **и**
- да сте полноправен корисник на пензија, додаток или исплата од Centrelink според одредбите на State Concessions Act 2004 **или** да сте корисник на пензија на Veterans Affairs (TPI) **или** да сте го посвоиле ученикот; и
- барањето да го поднесете во училиштето до одреден датум.

За добивање на првата рата на EMA критериумите мора да бидат исполнети на првиот ден од првото тримесечје **(27 јануари 2010** - првиот работен ден на наставниот персонал**)**, а за втората рата - на првиот ден од третото тримесечје **(12 јули 2010)**. Ниедно барање врз основа на исплати од Centrelink кое не е испитано врз основа на приходи (на пример: Carer Allowance, порано Child Disability Allowance, Mobility Allowance и Remote Area Allowance) нема да биде прифатено, освен под услов барателот лично да ги исполнува условите во втората погоре наведена точка.

EMA се исплатува до возраст од 16 години. Кога ученик или ученичка ќе наполни 16 години, тој или таа треба да поднесе барање за Младински додаток (Youth Allowance) преку Centrelink. За повеќе информации посетете ја интернет страницата www.centrelink.gov.au

### Формулари

Формулари за поднесување барање за ЕМА има во училиштето на вашето дете. Ако имате деца кои одат во различни училишта, за секое дете треба да пополните посебен формулар.

Ве молиме предадете го вашето барање во училиштето на вашето дете до **26 февруари 2010** за првата рата на ЕМА и до **6 август 2010** за втората рата на ЕМА, освен во случај вашето дете да останало запишано во истото училиште и ви била исплатена првата рата на ЕМА.

**Начини на уплата**

*Опција за директна уплата во банка (Direct Bank Deposit - EFT):* Директна уплата во банка може да се изврши само на сметката во банка што ја одредил родителот и ако родителот ја одбрал опцијата за директна уплата во банка. Ве молиме известете го училиштето на вашето дете ако во текот на годината се сменила банковата сметка што сте ја пријавиле.

*Опција за уплата со чек:* Чекови на име на родителите ќе бидат пратени на училиштето за тоа да им ги предаде на родителите кои ја избрале опцијата на уплата со чек. Ве молиме известете го училиштето на вашето дете ако во текот на годината сте ја смениле адресата.

**Училишниот дел на Додатокот за одржување на образованието**

Училиштата мора да го потрошат училишниот дел на ЕМА за основни образовни нешта кои од сите родители нормално се очекува да ги набават. Тие нешта може да опфаќаат:

- *учебници за ученикот*
- *училишен материјал за ученикот (на пример: пенкала, моливи, тетратки, работни тетратки)*
- *материјали за изборни предмети, што ученикот ги консумира или ги задржува за себе готовите производи (на пример, по предметот домашна економија), или се бара плаќање на разликата меѓу цената на основните материјали/услуги и поскапите алтернативи*
- *програми што ги изведуваат специјализирани надворешни лица (на пример: уметници, предавачи, исполнители)*
- *логорувања и екскурзии кои се составен дел на наставната програма и во кои се очекува учество на сите ученици*
- *училишни легитимации*
- *училишни униформи*
- *официјални дневници/прирачници/планери на работа*
- *компјутерско печатење за потребите на ученикот, надвор од потребите во осумте Клучни учебни области [Key Learning Areas] (на пример, за лично користење).*

На барање на родителите, училиштата треба да ги известат родителите за цените на нештата на кои предлагаат да се потроши училишниот дел на ЕМА.
Училиштата се само старатели на училишниот дел на ЕМА. Ако ученик се префрли во друго училиште, остатокот од училишниот дел мора да биде проследен во новото училиште на ученикот.

Делот на ЕМА што останал непотрошен до крајот на годината мора да биде вратен на родителот/старателот. Меѓутоа, *во договор со родителот/старателот*, тие пари може да бидат пренесени во следната година или да се направат други соодветни аранжмани кои им одговараат на потребите на ученикот.

**Прашања**
Сите прашања во врска со правото на ЕМА и исплатите на додатокот треба да ги поставите во училиштето на вашето дете.